**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за проектот „Реконструкција на локални улици „Борис Кидриќ“ и „Христо Татарчев“ во Град Скопје“**

**Опис на проектот**

Проектните активности за реконструкција на локалните улици „Борис Кидриќ“ и „Христо Татарчев“ ќе се одвиваат во населбите Кисела Вода и Аеродром во Град Скопје. Град Скопје е посебна административна единица која се состои од 10 општини – Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари. Според последниот попис во 2021 година, Град Скопје има 526.602 жители.

Локалната улица „Борис Кидриќ“ се наоѓа во Општина Аеродром во Град Скопје и има вкупна должина од 107 метри и ширина од 15 метри. Трасата започнува на раскрсницата со улица „Симеон Кавракиров“ и завршува на раскрсницата со Булевар „Кузман Јосифовски – Питу“. Од левата страна на улицата лоцирана е главната автобуска и железничка станица во Скопје.

Влезот за патничките возила (автобуси и комбиња) во автобуската станица е преку оваа улица, како и влезот за во паркингот на автобуската станица, кој се користи од страна на такси возила и луѓе кои патуваат преку автобуската станица. Од десната страна на улицата лоцирана е православната црква Свети Три Светители. Улицата е во лоша состојба со видливи штети на истата. Согласно Основниот Проект и теренската посета извршена на 09.10.2023 година, не беа забележани дрва кои потенцијално ќе треба да се исечат покрај улицата.

Проектните активности за реконструкција на локалната улица „Христо Татарчев“ ќе се одвиваат во населбата Кисела Вода, од раскрсницата со улицата „Народни Херои“ до кружниот тек со Булевар „Србија“. Проектната улица има должина од 911 метри и ширина од 7 метри.

Вдолж улицата од десната страна се наоѓаат бензинска станица, Дом на културата „Билјана Беличанец“ (моментално во градба), градинката „8-ми март“, , станбени згради, компанија за продажба на мебел и локален маркет. Влезот во градинката е преку тротоар кој е дел од проектната улица. Од другата страна на улицата се наоѓа Основното училиште „Круме Кепески“ и станбени згради. Вдолж улицата има неколку раскрсници со други локални улици кои водат до станбени згради и паркинзи. Улицата е во лоша состојба со видливи оштетувања. Согласно Основниот Проект и теренската посета извршена на 09.10.2023 година, не беа забележани дрва кои потенцијално ќе треба да се исечат покрај улицата.

Целта на имплементација на предвидените активности за реконструкција на проектните улици е да се подобри движењето на локалното население. Земајќи ја предвид безбедноста во сообраќајот, во моментов на улиците има поставено вертикална и хоризонтална сигнализација.

**Електронската верзија на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локалните улици „Борис Кидриќ“ и „Христо Татарчев“ во Град Скопје“ е достапна на следниве веб-страни:**

- Град Скопје (https://skopje.gov.mk/ )
- МТВ/ЕИП: http://mtc.gov.mk/ or www.wbprojects-mtc.mk

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:**<br><br>______________________________ |

| | |
|---|---|
| | **тел:**<br><br>_________________________________ |

**Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:**

| | |
|---|---|
| **Потпис**<br><br>________________________ | **Дата**<br><br>______________________ |

**Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локалните улици „Борис Кидриќ“ и „Христо Татарчев“ во Град Скопје“ ,ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Јоже Јовановски**

**e-mail:** joze.jovanovski.piu@mtc.gov.mk

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локалните улици „Борис Кидриќ“ и „Христо Татарчев“ во Град Скопје“**

**(датум на објава: 06.11.2023 година)**

**Референтен број: _________________________________**

(пополнето од страна одговорните лица за спроведување на проектот)